РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Бр. 102-6885/2
13.08.2021 год.-viti.

Друштво за инженеринг услуги
ИСКРА СИСТЕМИ-М ДООЕЛ
Бр. 0307-135
12.08.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основ на член 119 став 1 точка 2, став 2 и став 7 од Законот за јавните набавки и член 19 од Договорот за набавка на работи, број 102-4672/1 од 30.04.2020 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бр. 0309-20/3 од 24.04.2020 година на Искра Системи – М ДООЕЛ Скопје за и Анекс бр. 1 на договорот бр. 102-1490/1 од 02.02.2021 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бр. 0307-085 од 16.12.2020 година на Искра Системи – М ДООЕЛ Скопје за „Адаптација на постоечка филтер станица во општина Штип", а во врска со доставеното барање од Изведувачот и Надзорниот орган и барањето за склучување на анекс договор бр. 02-6885/1 од 12.08.2021 година на ден 13.08.2021 година се склучува следниот:

# АНЕКС БР.2
# НА
# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Arjanit Hoxha (во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна,

и

2.Искра Системи – М ДООЕЛ Скопје (носител на групата) со адреса ул. Даме Груев бр.16, Б.Ц. Палома Бјанка 5-ти кат, 1000 Скопје ЕДБ 4080009503100, ЕМБС 6480853 и КОЛЕКТОР СИСТЕХ д.о.о. Љубљана (член на групата), со адреса ул. Засавска Цеста 95, 1231 Љубљана, Словенија ЕДБ SI 73308099, ЕМБС 5536529000. Жиро сметка и Банка депонент 210064808530146 во НЛБ Банка АД Скопје, Застапувани од директорот на носителот на групата Илчо Мерџановски (во натамошниот текст - Изведувач), од друга страна.

### Член 1

Со овој Анекс број 2 кон Договорот за набавка на работи „Адаптација на постоечка филтер станица во општина Штип", бр. 102-4672/1 од 30.04.2020 година и Анекс број 1 на договорот бр. 102-1490/1 од 02.02.2021 година се регулираат измените и дополнувањата кои се однесуваат на вредноста на договорот.

### Член 2

Со овој Анекс бр. 2 на Договорот се врши измена на член 3 од основниот договор, односно член 2 од Анекс бр. 1 на основниот договор, па така согласно промената новиот текст гласи:
„Вкупната вредност на Договорот изнесува 313.920.045,42 денари вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без вклучен ДДВ.
Вкупната вредност на договорот вклучувајќи ги сите трошоци и попусти со вклучен ДДВ изнесува 370.425.653.60 денари."

### Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката - Изведувачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

### Член 4

Сите останати членови од Основниот договор и Анекс број 1 на истиот остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни.

Член 5

Овој Анекс бр. 2 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр. 2 на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Инвеститорот и 2 (два) за Изведувачот.

ИНВЕСТИТОР,

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Министер,
Arjanit Hoxha

ИЗВЕДУВАЧ,

Искра Системи - М
ДООЕЛ Скопје
Директор,
Илчо Мерџановски

Составен дел на Анекс бр.2 од Договорот се:

- Предмер пресметка
- Целокупната документација доставена од Изведувачот, Надзорот и Образложението за потребата од измена на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност – склучување на анекс на договорот